**Д О Г О В О Р**

за Учество во Македонскиот Интербанкарски Платен Систем

склучен помеѓу
1. Народна банка на Република Северна Македонија, претставувана од гувернерот ______________________
и
2.________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________
(во понатамошниот текст: Учесник), претставувана од _______________________
_________________________________________________________________________.

Член 1

Со овој Договор се уредуваат условите под кои Народна банка на Република Северна Македонија му овозможува пристап на Учесникот во Македонскиот Интербанкарски Платен Систем (во понатамошниот текст: МИПС).

Член 2

Народна банка на Република Северна Македонија се обврзува дека системот ќе работи согласно со Правилата за работа на МИПС и останатите документи кои се наведени во нив.

Учесникот се обврзува да ги прифати и да постапува согласно со Правилата за работа на МИПС и останатите документи кои се наведени во нив.

Член 3

Учесникот овластува одговорно лице за контакти во врска со работењето на МИПС, на образец доставен од Народна банка на Република Северна Македонија.

Одговорното лице за контакти може да се промени во секое време со доставување на нов образец за одговорно лице од страна на Учесникот. Со доставувањето на новиот образец, стариот престанува да важи.

Член 4

Народна банка на Република Северна Македонија ќе ги доставува сите документи поврзани со работењето во МИПС (измени, дополнувања и нови

документи), најдоцна 15 дена пред стапувањето во сила на истите, до овластеното лице за контакти кај Учесникот.

Доколку Учесникот во рок од 7 дена од приемот на документите од став 1 на овој член не упати писмена забелешка потпишана од одговорното лице за контакти, тоа значи дека се согласува со истите.

По исклучок, документите од став 1 на овој член може да стапат и порано во сила, со писмена согласност на овластеното лице за контакти кај Учесникот во врска со работењето на МИПС.

Член 5

Договорните страни се обврзуваат настанатите неусогласености да ги решаваат договорно. Во случај на спор надлежен е судот во Скопје.

Член 6

Овој договор се склучува на неопределено време, а неговата важност престанува доколку Учесникот не се придржува на одредбите од овој договор или на барање на договорните странки.

Член 7

Овој договор е составен во 4 примероци, од кои по два за секоја договорна странка.

| | |
|---|---|
| ___________________________ | ___________________________ |
| потпис на овластено лице кај Учесникот | потпис на овластено лице во Народна банка на Република Македонија |